АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09.10.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4445 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ-во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ)

3. **Датум на извршување на надзорот:** 9 октомври 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари"*.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ-во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ) не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: На 11.09.2018 година, Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-4013/1) побара од стечајната управничка на ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ-во стечај (со претходен назив ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ), во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да ѝ достави документи (во оригинал или копии заверени на нотар) од коишто ќе може да се констатира дека радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Според повратницата од Македонска пошта, дописот беше уредно примен на 14.09.2018 година, а рокот за доставување на документите истекуваше на 21.09.2018 година.

   Бидејќи во овој рок не беше доставена потребната документација, на 01.10.2018 година Агенцијата испрати и втор допис до стечајната управничка (наш бр.03-4013/2), со кој ѝ беше укажано дека е должна бараните документи да ги достави веднаш по приемот на овој допис и дека доколку не постапи по него Агенцијата ќе покрене постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Овој допис беше примен од страна на стечајната управничка на 02.10.2018 година.

   Заклучно со 08.10.2018 година, до Агенцијата не беа доставени документи за бројот на вработени во ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ-во стечај (со претходен назив ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ).

**Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата"* и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ-во стечај (со претходен назив Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ).

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***